# И ЈАС УМЕАМ ДА ШТЕДАМ

По повод Светскиот ден на штедењето - 31 октомври Народна банка на Република Македонија објави конкурс на тема *И ЈАС УМЕАМ ДА ШТЕДАМ* за деца на возраст од прво до петто одделение од деветгодишното основно образование. На конкурсот учествуваа околу осумстотини и педесет литературни и ликовни творби од цела Македонија, што е за поздравување за еден ваков проект насловен како „Финансиско поучување“ кој придонесува за подигање на свеста на децата за штедење и ценење на секој заштеден денар.








Во присуство на гувернерот м-р Димитар Богов и членовите на жири-комисијата, доделувањето на наградите се одвиваше во просториите на Народна банка. Гувернерот со задоволство лично им честиташе и им ги додели наградите. На авторите на најуспешните творби ќе им бидат отворени штедни книшки во банки по избор на добитниците.




Имињата на наградените учесници, читатели на *Развигор,* се следниве ученици:

за литературна творба

Дарко Петковски, 4 одд., при ОУ „Ѓорги Сугарев“ од Битола

за ликовна творба -

Симона Мицева, 4 одд., при ОУ „Блаже Конески“ од Велес и

Бисера Галеска, 5 одд., при ОУ„Кире Гаврилоски Јане“ од Прилеп



Специјално пофалени литературни творби:

Ана Јованова, 5 одд., ОУ „Ванчо Прке“ - Штип

Александра Јошеска, 4 одд., ОУ „Кузман Јосифовски Питу“ - Скопје

Специјално пофалени ликовни творби:

Никола Николов, 5 одд., ОУ „Кузман Јосифовски Питу“ - Скопје

Ива Ингилизовска, 5 одд., ОУ „Војдан Чернодрински“ - Скопје

